**Александар Спасовски — СКОПСКИ НАРОДНО-ОСЛОБОДИЛАЧКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД 1941—1945. Војноиздавачки завод, Београд 1971. 259**

Оваа година излезе од печат уште една книга од серијата „Монографије јединице НОВ и ПО Југославије". Станува збор за монографијата „Скопски НОП одред" од Александар Спасовски. За одбележување е што таа излезе токму оваа 1971 година кога во целата наша земја ја прославуваме 30 годишнината од почетокот на Народното востание и Револуцијата.

Авторот Александар Спасовски, кој е воедно и учесник во овој одред, се обидел да ни ја даде историјата на Скопскиот НОП одред со сета негова важност, како одред кој се наоѓал во околината на Скопје, значаен центар за бугарскиот и германскиот окупатор. Во одредени моменти е дадена и активноста на скопската партиска организација, работата на НОО во Скопје и околината, врските на одредот со другите одреди на територијата на Македонија, Косово и Метохија и Јужна Србија.

Настаните се изнесени претежно хронолошки од 1941—1944, односно до приклучувањето на одредот кон поголемите воени формации во Македонија.

Во предговорот (5—6), авторот се задржува на досегашните напори да се расветли историјата на Скопскиот НОП одред и скопската партиска организација. Тој апелира оваа монографија да ги поттикне историчарите за сестрано расветлување на сите настани сврзани со Скопскиот НОП одред и скопската партиска организација.

Уводот носи посебен наслов „Војно-политичка ситуација у Скопју и околини" (7—17). Во него е дадена ситуацијата во Скопје во првите месеци од бугарската окупација и разновидните средства и методи на бугарската денационализаторска пропаганда во Македонија. Од друга страна, е дадена положбата во партиската организација и СКОЈ во Скопје.

Првата глава на монографијата е „Скопски партизански одред у 1941 години" (18—64). Авторот се задржува на активноста на партиската и младинската организација во Скопје, односно организирање на разни видови отпор против окупаторот. Потоа, на тешкотиите кои настанале во партиската организација на Македонија по нејзиното приклучување кон БРП(к) и нејзиното неправилно гледиште по вооружената борба во Македонија. И покрај многуте тешкотии на кои наидувала партиската организација таа успеала во летото да подготви и во II половина на август 1941 година да формира партизански одред на Водно. Понатаму е изнесен престојот на одредот на Скопска Црна Гора и Шар Планина, неговите обиди за вооружени акции и причините кои довеле до расформирање на истиот. На крајот на оваа глава авторот дава краток заклучок за постоењето на одредот во 1941, неговата политичка и воена улога, неговото влијание сред маситe и објективните и субјективните причини за неуспехот.

Втората глава „Скопски одред у 1942 години" ги содржи настаните од I половина на 1942 година. Во овој период се прави обид да се консолидира партиската и младинската организација во Скопје после големите провали и апсења по рас-

формирањето на Одредот. Понатаму е дадено Јануарското советување на ПК и неговото влијание врз скопската партиска организација, нејзините подготовки за обновување на Скопскиот одред и неговото излегување во II половина на април 1942 година.

„Ширење НО покрета на терену Карадага“, 83—105 по самиот наслов се гледа дека акцентот е даден на територијата која е населена претежно со Албанци, Срби и Црногорци. На оваа територија, како и во многу села од Скопска Црна Гора, во летото 1942 година била забележана голема политичка активност и се создадени повеќе НОО. Оваа глава ја содржи и активноста на Одредот во II половина на 1942 година.

Четвртата глава „Одред братства и јединства“ (106—130), претставува преглед на Скопско-косовскиот одред, создаден во почетокот на јануари 1943, кој дејствувал само еден месец. Авторот на крајот го дал значењето на овој одред за развивањето на братството и единството меѓу Србите, Македонците, Албанците и Црногорците и неговото воено и политичко значење.

„Нови замах покрета“ (131—152), ја содржи активноста на скопската партиска организација за исфрлање на партизански одред, префрлување на борци од расформираниот Скопско-косовски одред на теренот на Вратница и нивната политичка активност. Во мај 1943 год. доаѓа до создавањето на нов голем одред, создаден од партизанските групи на Скопска Црна Гора и Шар со веќе постојниот Шарски одред на Косово.

Шестата глава носи наслов „Допринос одреда развоју партизанског покрета на подручју северно од Скопја“ (151—188). Таа го содржи планот на ГШ на НОВ и ПОЈ на Македонија за засилување на партизанското движење на територијата северно од Скопје. Сè поочигледно било дека бугарскиот окупатор нема долго да се одржи, германските војски од Грција можеле набргу да почнат да се повлекуваат на север преку Македонија. Партизанските сили кои требало да се концентрираат северно од Скопје би го отежнале или оневозможиле тоа повлекување на главните комуникации околу Скопје. До целосно остварување на овој план не дошло, деловите од Јужно-моравскиот и Скопско-кумановскиот одред што останале на Скопска Црна Гора не успеале да се одржат.

Последната глава е „Ослободилачки покрет на подручју Скопја 1944 године“. Разгорувањето на востанието, проширувањето на слободната територија во целата земја овозможило и создавање на нови партизански одреди и поголеми воени формации. Така во околината на Скопје се создале неколку одреди и тоа во Поречието, на Карлиак и Скопска Црна Гора. Тука е дадено нивното формирање и активноста до приклучувањето кон 12 и 16 Македонска бригада.

Авторот ја завршува монографијата со посебен заклучок под наслов „Значај постојања и резултати деловања Скопског партизанског одреда“.

Потоа е даден еден список на борците од Скопскиот партизански одред во 1941 година.

На крајот авторот дал преглед на архивскиот необјавен и објавен материјал, книги и статии со кои се служел и разговорите со преживеаните борци од НОБ.

Низ текстот се распоредени 23 фотографии и 8 скици.

**Д. П.**

**Д-р Георги Камчевски, САНИТЕТСКА СЛУЖБА НОВ МАКЕДОНИЈЕ, Војноиздавачки завод, Београд, 1971, 247**

Неодамна публикуваната студија на д-р Г. Камчевски претендира комплексно да го расветли развитокот на санитетската служба на НОВ на Македонија.

Во неа авторот, во осум глави, ги проследува етапите во развитокот на санитетската служба на НОВ на Македонија.

На крајот дава преглед на консултираната документација, мемоарски материјали и литература.

Според Г. Камчевски санитетската служба на НОВ на Македонија во својот развиток поминала низ три фази.

Во првата фаза спаѓа формирањето на здравствените одбори од страна на месните партиски организации во „скоро сите поголеми градови на Македонија“ по директива на ПК на КПЈ за Македонија. (стр 16) Меѓу другото, авторот се осврнува на работата на здравствените одбори во Битола, Прилеп, Велес и Скопје, како и на организирањето на првите санитетски курсеви. Притоа, посебно ја одбележува активноста на д-р Трифун Пановски во организирањето на санитетската служба во битолско-преспанската област. (стр. 22—24)

Во првата фаза „со појавата на првите партизански одреди се јавуваат и првите ранети, кои требало да бидат збринати.

...Организационата структура на санитетската служба во оваа фаза на војната била доста едноставна. Во одредот постои референт на санитетот — болничар, или приучено лице, кое води грижа за хигиената на борците и укажува прва помош за време на ранувањето, се грижи за исхраната, сместувањето и засолнувањето на ранетите и болните и за нивна заштита“. (234)

Авторот, меѓу другото, истакнува: „Во оваа фаза од војната нема партизански установи — болници, а причините се следни: отсуство на слободни територии, оскудица на стручен кадар, несигурна воено-политичка ситуација“. (235)

Главниот акцент авторот го ставил на втората и третата фаза од развитокот на санитетската служба на НОВМ, пред сè, поради зголемената улога на санитетската служба во збринувањето на ранетите и болните, како и поради постоењето повеќе податоци за овој период.

Пластичноста на презентираната материја резултира од фактот што самиот автор бил современик и актер во тие настани.

Втората „фаза од развитокот на санитетската служба тесно е поврзана со развојната фаза на востанието во Македонија.